**До: Општина Валандово,**
**Ул. Иво Лола Рибар бр. 3**
**2460 Валандово,**
**(имател на информацијата)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Примено: 26.07.2022

| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 721/1 | | |

Арх. знак 1008
Рок на чување 04.08.22

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: **Информации поврзани Урбанистички проект за парцелизирано градежно земјиште на УПВНМ индустриска зонаРаброво, КП бр. 643/22, 643/59 и 643/62. Г.П 1.19, КО Раброво.**

**Прилог допис: Прашање во однос на спроведување на постапки за учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво.**

**(опис на информацијата која се бара)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 25.07.2022 година** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

[redacted]

До:
Општина Валандово,
Ул. Иво Лола Рибар бр. 3
2460 Валандово,
Одделение за урбанизам, комунални дејности и
заштита на животна средина и Локален економски развој
ler@valandovo.gov.mk
shristova@t.mk
administracija@valandovo.gov.mk

Скопје, 25.07.2022

Предмет: Прашање во однос на спроведување на постапки за учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво

Почитувани,

[redacted] во нашата земја започна со работа во 2019 година и е формиран од страна на [redacted]. Работата на [redacted]е заснована врз Конвенцијата на Економската Комисија на ОН за Европа (UNECE) која се однесува на пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина [redacted].

[redacted] работи на сите три столбови, а исто така учествува и се стреми кон градење на капацитетите на чинителите како на централно, така и на локално ниво.

[redacted] учествува во следење на спроведување на националното законодавство од областа на животната средина и се залага за доследна примена на одредбите од [redacted] во пракса.

Во моментот [redacted] спроведува активности поддржани од мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија кои имаат за цел создавање на функционален систем за следење на работењето на општините, телата и органите за донесување одлуки за транспарентноста на процедурите, усогласувањето на законите и квалитетот на процесите на учество на јавноста во врска со спроведувањето на [redacted].

Во рамки на оваа активност [redacted] два пати во неделата врши мониторинг на веб страните на сите општини во Република Северна Македонија во однос на актуелни постапки и процедури поврзани со животната средина на локлано ниво и истите ги доставува го граѓанските

[redacted]

[redacted]

организации кои се членки на [redacted], но и до останатите граѓански организации кои работат во областа на животната средина.

Со овој допис би сакале да поставиме прашање по однос на објавата Урбанистички проект за парцелизирано градежно земјиште на УПВНМ индустриска зона Раброво, КП бр. 643/22, 643/59 и 643/62. Г.П 1.19, КО Раброво, според кој се дефинирани групи на намени: Г2, Г3, Г4 - Лесна индустрија, сервиси и стоваришта.

https://www.valandovo.gov.mk/CMS/Upload/Dokumenti/Urbanizam/%D0%A3%D0%9F%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%B0%D1%80%D1%86%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%D0%BE%20%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%BE%20%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B5%20,%D0%BD%D0%B0%20%D0%A3%D0%9F%D0%92%D0%9D%D0%9C%20%D0%B8%D0%BD%D0%B4%D1%83%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%D0%B7%D0%BE%D0%BD%D0%B0%20%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%BE%20,%20%D0%93.%D0%9F%201.19%20%D0%9A%D0%9E%20%D0%A0%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%BE.pdf

Согласно Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07), точка 13. Планирање на просторот и користење на земјиштето - плански документи кои се однесуваат на просторно и урбанистичко планирање на територијата на РСМ, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, подлежат на постапка за стратегиска оцена на животната средина

На веб страната не се пронајдени документи (одлука, формулар и мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање), кои потврдуваат дека нема потреба од спроведување на постапка за стратегиска оцена.

Не се наведени нити информации за јавен увид, анкета и стручна расправа.

Доколку постојат овие документи истите треба да бидат објавени на Вашата веб страна, а доколку се објавени Ве молиме да ни испратите линк.

Доколку не се објавени, Ве молиме за соодветно образложение.

За дополнителни прашања, Ве молам контактирајте не

Со почит,

[redacted]



[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-721/2
04.08.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 25.07.2022 година, од страна на [redacted], заведено под бр. 10-721/1 од 26.07.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 25.07.2022 година, од страна на [redacted], заведено под бр. 10-721/1 од 26.07.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, поради отсуство на овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку Ѓоко Аврамски, Соработник за урбанизам и просторно планирање, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

[redacted] достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-721/1 од 26.07.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: З. Пеева
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Г. Дончев

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10 - 421/3
04.08. 2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО

[redacted]

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување Информација од јавен карактер
ВРСКА: Ваше барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 25.07.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено на ден 25.07.2022 година, Ви ги доставуваме бараните **информации поврзани со Урбанистичкиот проект за парцелизирано градежно земјиште на УПВНМ индустриска зона Раброво, КП бр.643/22, 643/59 и 643/62, Г.П 1.19 КО Раброво.**

Урбанистичкиот проект за парцелизирано градежно земјиште на УПВНМ, индустриска зона Раброво, за изградба на објект со намена Г4 на Г.П. бр.1.19 КО Раброво, Општина Валандово, со тех.бр. 0701-142 од 30.07.2021 година, изработен е од Друштво за градење, проектирање и надзор со трговија на големо и мало ГОЈА Павлов Митко увоз-извоз ДООЕЛ Гевгелија. Урбанистичкиот проект е изработен и одобрен согласно пропишаната постапка со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20). Предметниот Урбанистички проект е изработен врз основа на Извод од УПВНМ за Индустриска зона Раброво со арх.бр. 12-525/2 од 21.06.2021 година, издаден од Општина Валандово.

Урбанистичкиот план за вон населено место за Индустриска зона Раброво е донесен со Одлука на Советот на Општина Валандово со арх.бр. 07-25/12 од 28.03.2008 година, по претходно добиена согласност од Министерството за транспорт и врски со ар.бр. 17-3001 од 03.03.2008 година. Во постапката за негово донесување претходно по усвоениот Нацрт на Урбанистичкиот план, на ден 11.01.2008 година одржана е јавна презентација од која изработен е записник со арх.бр.08-37/4 од 11.01.2008 година и извештај со арх.бр.08-37/6 од 25.01.2008 година.

Советот на Општина Валандово со Одлука бр.07-12/13 од 30.01.2012 година има прифатено иницијатива, а со Одлука бр.07-43/3 од 08.06.2012 година има извршено изменување и дополнување на дел од УПВНМ Раброво-локалитет индустриска зона. Притоа за овој плански документ, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со член 65 став 6 од Законот за животната средина, има донесено Решение за неспроведување на статегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Со почит.

Овластен административен службеник за
давање на информацијата
Ѓоко Аврамски

ПРИЛОЗИ:

- Одлука за утврдување на Нацрт на Урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово, бр.07-99/9 од 27.12.2007 год.;
- Решение за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт на Урбанистичкиот план вон населено место, КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово, бр.08-37/1 од 04.01.2008 год.;
- Соопштение за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт на Урбанистичкиот план бр. бр.08-37/3 од 04.01.2008 год.;
- Записник од одржана јавна презентација по Нацрт на Урбанистичкиот план бр. бр.08-37/4 од 11.01.2008 год.;
- Извештај од јавната презентација и јавната анкета по Нацрт на Урбанистичкиот план бр. бр.08-37/6 од 25.01.2008 год.;
- Согласност на Предлог Урбанистички план вон населено место Раброво, локалитет – индустриска зона, дадена од Министерство за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот бр.17-3001 од 03.03.2008 год.;
- Одлука за донесување на Урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово, бр.07-25/12 од 28.03.2008 год.;
- Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на дел од Урбанистичкиот план за вон населено место Раброво- локалитет индустриска зона, бр.07-12/13 од 30.01.2012 год.;
- Решение за неспроведување на стратегиска оцена бр. 11-882/1 од 22.05.2012 год.;
- Согласност на Предлог Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво, локалитет „Индустриска зона" – КО Валандово (5,97ха), дадена од Министерство за транспорт и врски бр.16-13855/2 од 06.06.2012 год.;
- Одлука за донесување на измена и дополнување на дел од Урбанистички план за вон населено место Раброво-локалитет индустриска зона, бр.07-43/3 од 08.06.2012 год.



Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

Република Македонија-Општина Валандово
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Бр. 07-99/9
27.12.2007 год.
Валандово

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и член 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седницата одржана на ден 27.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на Нацртот на урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незгадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацртот на урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незгадувачка индустрија и стоваришта)-КО Раброво, КП 643 и 635, Општина Валандово, со површина на опфатот од 17,5 ха.

Член 2

По утврдениот Нацрт на урбанистички план од член 1 на оваа Одлука, градоначалникот на општина Валандово, да спроведе јавна презентација и јавна анкета, на начин и во постапка во согласнот со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово"

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
П р е т с е д а т е л
Драги Петков

Република Македонија-Општина Валандово СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ВАЛАНДОВО

Република Македонија-Општина Валандово
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 08-37/1
04.01. 200 8 год.
Валандово

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
MUNICIPALITY of VALANDOVO

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07), член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 50 став 3 од Статутот на општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацртот на Урбанистичкиот План вон населено место, КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово

1. Со оваа Решение се организира јавната презентација и јавната анкета по Нацртот на Урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово.

2. Јавната анкета ќе биде организирана на тој начин што Нацртот на Урбанистичкиот од точка 1 на оваа РеШение ќе биде објавен во средствата за јавно информирање на Општина Валандово и ќе биде изложен на Огласна табла во холот на Општина Валандово, во периодот од 04.01. до 18.01.2008 година.

Заинтересираните физички и правни лица ќе можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови преку архивата на општина Валандово.

3. Јавната презентација по Нацртот на планот ќе се одржи на ден 11.01.2008 година во 11 часот во просториите на Општина Валандово.

4. Со посебно решение ќе се формира Стручна комисија за изготвување на записник и извештај од јавната презентација и јавната анкета по Нацртот на Урбанистичкиот план од точка 1 на оваа Решение.

5. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Валандово.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Николче Чуршиновски

**Општина Валандово**, 4-ти Јули 1, 2460 Валандово
Тел/факс: (++389) 034 382 007, 382 044

Република Македонија-Општина Валандово
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 08 - 37/3
04.01. 200 8 год.
Валандово

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
MUNICIPALITY of VALANDOVO

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07), градоначалникот на Општина Валандово го дава следното

# СООПШТЕНИЕ

СЕ ОРГАНИЗИРА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА по Нацртот на урбанистичкиот план вон населено место, за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незгадувачка индустрија и стоваришта)-КО Раброво, КП 643 и 635, Општина Валандово.

Големината на опфатот изнесува 17,5 ха.

Нацртот на планот ќе биде изложен секој работен ден, на Огласна табла во холот на Општина Валандово, од 04.01 до 18.01.2008 година.

Јавната презентација по Нацртот на планот ќе се одржи на ден 11.01.2008 година во 11 часот во просториите на Општина Валандово-Сала за состаноци.

Заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои што се наоѓаат во архивата на Општина Валандово.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Николче Чурлиновски

Република Македонија-Општина Валандово
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 08-37/4
11-01-2008 год.
Валандово

# З А П И С Н И К

## ОД ОДРЖАНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ (ЛЕСНА И НЕЗГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И СТОВАРИШТА) –КО РАБРОВО, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Во просториите на општина Валандово, на ден 11.01.2008 година со почеток во 11 часот се одржа Јавна презентација на Нацрт-урбанистичкиот план вон населено место за производство, дистрибуција и сервиси на КП.бр.643 и 635, во КО Раброво, општина Валандово, со големина на опфат од 17.5ха.

На Јавната презентација присуствуваа :

- Претставници од Изготвувач на планот ДПУПИ „УРБАН“ ДОО Штип, дипл.инг.арх. Шалев Илија и дипл.инг.арх. Петре Левков
- Претставници од локалната администрација – Лазарова Гордана, Дончев Горан, Павловски Владимир, Матеев Илија, Киров Боро, Ристо Тошев, Славица Тајтаева.
- Заинтересирани физички лица, Дамјан Пандев, Ристо Невеселов, Ванчо Гошевски.

На Јавната презентација представникот на изготвувачот на планот, Шалев Илија ги образложи понудените решенија со планот.

По неговото излагање се отвори расправа по планот.

Од страна на присутните беа поставени и одредени прашања кои се однесуваа на следното:

1. Дали е можно проширување на утврдената намена на зоната со други содржини.

Беше одговорено дека намената е утврдена со дадените услови за планирање на просторот и дека во оваа фаза не е можно проширување, но доколку се инсистира на тоа дека ќе треба да се врати постапката назад.

2. Дали е можно добивање на поголеми парцели за изградба на објекти доколку би се јавила таква потреба, од страна на потенцијални инвеститори, на што беше одговорено дека е можно со спојување на неколку од планираните помали градежни парцели.

3. Дали не се коси со законот за земјоделско земјиште, пренамената која се врши на земјиштето од земјоделско во градежно.

Беше одговорено дека нема пречки бидејќи постапката е отпочната во 2006 година, кога законот за земјоделско земјиште не бара некои услови за пренамена. Во прилог на ова беше наведено дека земјиштето се наоѓа на крстосница помеѓу два регионални патишта и непосредно граничи со истите, па се работи за деградирано земјиште имајќи го во предвид влијанието на издувните гасови на моторните возила.

4. Како ќе биде решавано прашањето со снабдување со вода, електрична енергија, на што се одговори дека во непосредна близина и тоа на растојание од 20-30 метри поминува главниот доводен цевковод за снабдување на градот со вода за пиење на кој се планира приклучување на индустриската зона. Дека снабдувањето со електрична енергија ќе биде решавано согласно даденото

решение со проектот, според кој се предвидува во рамките на зоната изградба на посебни трафостаници.

Пред завршување на состанокот, на присутните им се укажа дека во тек е и постапка на Јавна анкета и дека заинтересираните физички и правни лица можат сите свои забелешки, предлози и мислења да ги дадат на анкетни листови, во огласените рокови.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
**Стручна комисија**
Петре Левков ______________
Лазарова Гордана______________
Горан Дончев ______________

Република Македонија-Општина Валандово
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 08-37/6
25.01.2008 год.
Валандово

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ЈАВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНАТА АНКЕТА ПО НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ (ЛЕСНА И НЕЗГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА И СТОВАРИШТА) –КО РАБРОВО, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Стручната Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово со Решение број 08-37/2 од 04.01.2008 година, во полн состав се состана на ден 25.01.2008 година во 11 часот, во просториите на општина Валандово.

Согласно член 24 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ"бр.51/2005,137/2007) предмет на работа на седницата на Комисијата беше изготвување на Извештај од одржаната јавна презентација и јавна анкета по нацрт-урбанистичкиот план вон населено место во КО Раброво, при што се констатира следното:

Советот на општина Валандово со Одлука бр.07-99/9 од 27.12.2007год. го утврди Нацрт урбанистичкиот план вон населено место во КО Раброво за производство, дистрибуција и сервиси(лесна и незагадувачка индустрија и сервиси)

Градоначалникот на Општина Валандово има донесено Решение за организирање јавна презентација и јавна анкета бр.08- 37/2 од 04.01.2008 год.

На ден 03.01.2008година, во јавното гласило е објавено Соопштение за јавна презентација и јавна анкета, со кое се известуваат граѓаните и правните лица од општина Валандово дека се спроведува јавна анкета во рок од 15 работни дена од објавувањето на соопштението, односно планот беше изложен во холот на Општината во периодот од 04.01. до 18.01.2008година.

Од извршениот увид во спроведената јавна анкета, Комисијата констатираше дека е поднесен само еден пополнет Анкетен лист со забелешки по нацртот на планот, заведен под број 08-103/1 од 18.01.2008 година. Анкетниот лист е поднесен благовремено, од страна на правното лице ВИЗБА Валандово. Забелешките кои се даваат на Анкетниот лист се однесуваат на пренамената на земјиштето од земјоделско во градежно.
Одговорено е со Известување бр.08-103/2 од 25.01.2008 со кое подносителот на забелешките се известува дека забелешките не се прифаќат, од причина што за конкретниот локалитет од страна на надлежните Министерства добиени се сите потребни согласности, односно, услови за планирање на просторот, при тоа водено е сметка за бонитетот на земјиштето, почитувани се позитивните законски прописи. Забелешките се според новиот Закон за земјоделско земјиште од 2007год., а овој план е отпочнат од 2006год.,што значи дека истиот ќе се заврши според Законот за земјоделско земјиште кое било во примена во моментот на отпочнување на постапката. Освен тоа, земјиштето веќе е доволно

деградирано со тоа што се наоѓа на самата раскрсница и граничи со двата Регионални патишта ; Струмица - Валандово и Валандово – Дојран .

Од одржаната јавна презентација на ден 11.01.2008 година изготвен е Записник во кој е забележан текот на презентирањето на планот од страна на изготвувачот на планот, поставените прашања од страна на присутните, дадените одговори, и истиот е составен дел на документацијата на планот.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
**Стручна комисија**
Петре Левков ____________
Лазарова Гордана ____________
Горан Дончев ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ПРИМЕНО: 24.03.2008
08 230/3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**Сектор за уредување на просторот**

*Ваш број:08-37/8*
*Наш број:17-3001*
*Скопје,03-03-2008*

**ДО**
**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**-ГРАДОНАЧАЛНИК-**

Министерството за транспорт и врски ја разгледа доставената документација на **Предлог – Урбанистички план вон населено место Раброво, локалитет – индустриска зона – 2007- 2017 – 17,16 ха – општина Валандово** и врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.51/05 и 137/07) ја издава следната:

***С О Г Л А С Н О С Т***

***Се дава Согласност на Предлог – Урбанистички план вон населено Раброво, локалитет – индустриска зона – 2007- 2017 – 17,16 ха – општина Валандово***

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Валандово до ова Министерство поднесе образложено барање, бр.08-37/8 од 11-02-2008 година за издавање на Согласност на *Предлог – Урбанистички план вон населено место Урбанистички план вон населено Раброво, локалитет – индустриска зона – 2007- 2017 – 17,16 ха – општина Валандово, со технички број 94/07 од февруари, 2008 година,* за што е доставено следното:

⇒ Програма за Урбанистрички планови за 2006 година за Општина Валандово;

⇒ Предлог план изготвен од „Урбан" доо-Штип од февруари, 2008 година, со тех.бр. 94/07;

⇒ Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-4841/5 од 28-12-2006 година и Елаборат за Услови за планирање со технички број 24206 од декември, 2006;

⇒ Стручна Ревизија на Нацрт план изготвена од „Урбан Гис" доо - Куманово, од ноември, 2007 година;

⇒ Одговор на Стручна ревизија од изготвувачот на планот, од ноември, 2007 година;

⇒ Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски, бр.17-14496 од 23-12-2007 година;

⇒ Одлука за утврдување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место , бр. 07-99/9 од 27-12-2007 година;

⇒ Решение за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација бр.08-37/2 од 04-01-2008 година;

⇒ Соопштение за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација бр.08-37/3 од 04-01-2008 година и Потврда за објава на Соопштение во јавно гласило – ТВ ВТВ Тони доо – Валандово, бр. 03-16/2 од 06-02-2008 година;

⇒ Извештај за Јавната анкета со осврт на Јавната презентација, бр.08-37/6 од 25-01-2008 година;

⇒ Известување за постапување по Извештајот бр.08-37/7 од 11-02-2008 година;

Министерството за транспорт и врски по разгледување на доставеното барање и приложената документација, согласно наведениот Закон ја издава бараната согласност.

ИФ/НР

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР

Снежана Рашкова диа

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 07-25/12
28.03.2008 год.
Валандово

Врз основа на член 26 став 5 алинеа 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/2005 и 137/07), член 62 став 1 во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 7 во врска со член 15 став 1 точка 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на седницата одржана на ден 28.03.2008 година, донесе

# ОДЛУКА

**за донесување на Урбанистички план вон населено место за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незгадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Урбанистички план вон населено место за производство, дистрибуција и сервиси (лесна и незгадувачка индустрија и стоваришта) КО Раброво КП 643 и 635, Општина Валандово.

**Член 2**

Составен дел на планот се текстуалните и графичките прилози во размер Р-1:1000.

**Член 3**

Спроведувањето на планот ќе го врши Општина Валандово преку Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Претседател**
Драги Петков

Дека е преписот верен на оригиналот
Овластен службеник

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 07-12/13
30-01. 2012 год.
Валандово

Врз основа на член 17-а, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/2010, 18/11 и 53/11), член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/02) и член 21 став 1 точка 7 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на општина Валандово на седницата одржана на ден 30.01.2012 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на дел од Урбанистички план за вон населено место Раброво -локалитет индустриска зона

### Член 1

Се прифаќа иницијативата за изменување и дополнување на дел од Урбанистички план за вон населено место Раброво-локалитет индустриска зона, покрената од инвеститорот "Соларни Македонски Системи" ДООЕЛ Валандово, кој е сопственик на 18 градежни парцели и тоа на парцелите: 1.11, 1.13, 1.16, 1.17, 1.20, 1.21, 1.23, 1.25, 1.27, 1.29, 1.31, 1.33, 1.35, 1.37, 1.39, 1.41, 1.43 и 1.45.

### Член 2

Изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот план од член 1 на оваа Одлука, ќе се состои во тоа што ќе се изврши укрупнување на наведените 18 парцели во три поголеми парцели и тоа на следниот начин:

- Парцелите 1.11, 1.13, 1.16 и 1.17 ќе бидат една градежна парцела;
- Парцелите 1.20, 1.21, 1.23 и 1.25 ќе бидат друга градежна парцела;
- Парцелите 1.27, 1.29, 1.31,1.33, 1.35, 1.37, 1.39, 1.41, 1.43 и 1.45 ќе бидат трета градежна парцела;

и ќе се изврши промена на нивната намена од Г4 во Е2 .

### Член 3

Новото планско решение да биде ускладено со Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и постојниот урбанистички план за вон населено место Раброво-локалитет индустриска зона.

### Член 4

Трошоците во постапката за донесување на урбанистичкиот план, ќе ги сноси подносителот на иницијативата.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Ѓоко Камчев

Овластен службеник

Ова е преписот верен на оригиналот

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 11-882/1
22.05.2012 год.
Валандово

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
*Municipality of Valandovo*

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник" на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124), член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 година) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# РЕШЕНИЕ

## За неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ *Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво – локалитет Индустриска зона Валандово*, кој се носи согласно член 17-а, став 1 од законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10,18/11, и 53/11) И Одлуката на Советот на Општина валандово за прифаќање на иницијатива за изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво-локалитет Индустриска зона, бр.07-12/13 од 30.01.2012 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно чле 65 од Законот за животна средина.

2. Решението заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавени на веб страната на www.valandovo.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на решението за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите од потребата за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво – локалитет Индустриска зона Валандово, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
   - *Изменувањето и дополнувањето на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво - локалитет Индустриска зона Валандово предвидува само окрупнување на парцели во рамките на веќе постоечкиот Урбанистички план (на барање на иден инвеститот) без притоа да се менува намената на планот ниту пак други промени кои би имале влијание врз животната средина.Се работи за незначителни измени од мал обем.*

4. Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Решението на веб страната.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
НИКОЛЧЕ ЧУРЛИНОВСКИ

Општина Валандово, Иво Лола Рибар бб, 1460 Валандово
Тел/факс: (++389) 034 382 044, 382 007
email: valandovo@valandovo.gov.mk

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Црвена Скопска Општина
број 4, 1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Бр.16-13855/2
Датум: 06.06.2012

ДО: ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
- Градоначалник

Предмет: Согласност

Министерството за транспорт и врски ја разгледа доставената документација на **Предлог Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено местоРаброво, локалитет "Индустриска зона" - КО Валандово (5.97ха), тех.бр.154/12, (2012-2022)** – Општина Валандово, и врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ", бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) ја издава следната:

## СОГЛАСНОСТ

**Се дава согласност на Предлог Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво, локалитет "Индустриска зона" - КО Валандово (5.97ха), тех.бр.154/12, (2012-2022) – Општина Валандово**

Образложение

Општина Валандово до ова Министерство поднесе барање бр.11-670/14 од 04.06.2012 година, за издавање на согласност на Предлог Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво, локалитет "Индустриска зона" - КО Валандово (5.97ха), тех.бр.154/12, (2012-2022), за што е доставено следното:

- Одлука за приоритетна изработка на Изменување и дополнување на дел од Урбанистички план вон населено место Раброво - локалитет "Индустриска зона" бр. 07-12/13 од 30.01.2012 година.
- Планска програма изработена од "Урбан" – ДОО Штип, тех.бр. 154/12 од февруари 2012 година и Решение за одобрување на планската програма бр. 11-670/3 од 04.04.2012 година.
- Предлог план изработен од "Урбан"- ДОО Штип, со тех.бр.154/12 од мај 2012 година.
- Стручна ревизија на планот изработена од "Тајфа-план"–ДОО Скопје, од март 2012 година.

[redacted]



- Одговор на Стручната ревизија од изработувачот на планот, од март 2012 година.
- Решение за формирање на Комисија за давање мислење на планот, бр.08-520/1 од 06.03.2012 година.
- Стручно мислење на Нацрт планот од Комисија формирана од Градоначалникот, бр.11-670/5 од 18.04.2012 година.
- Решение за организирање на јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот, бр.11-670/6 од 18.04.2012 година.
- Соопштение за јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот, бр.11-670/8 од 18.04.2012 година, објавено во јавни гласила.
- Записник од јавна презентација на Нацрт планот, бр.11-670/2 од 24.04.2012 година.
- Решение за формирање Комисија за изготвување на Извештај од јавна презентација и јавна анкета, бр.11-670/9 од 18.04.2012 година.
- Записник од јавна анкета на Нацрт планот, бр.11-670/7-3 од 02.05.2012 година.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета на Нацрт планот, бр.11-670/10 од 02.05.2012 година.
- Известување за постапување по Извештај од јавна презентација и јавната анкета, бр.11-67011 од 02.05.2012 година.
- Мислење на Предлог планот од Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица, бр. 07-430/2 од 22.11.2007 година.
- Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање за потребата од спроведување постапка за стратешка оцена на влијанието на содржините во планот врз животната средина бр. 08 - 5369/2 од 29.05.2012 година .
- Мислење на Предлог планот од Дирекција за заштита и спасување, бр.10-24/4 од 17.05.2012 година.

Министерството за транспорт и врски по разгледување на доставеното барање и приложената документација, согласно наведениот Закон ја издава бараната согласност.

**Рада Филиповска, д.и.а.**

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**

Изработил: А.Наумоски, дси
Контролирал: Б.Николовска, диа

Република Македонија-Општина ...
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 07-43/3
08. 06. 2012 год

Врз основа на член 26, став 5, алинеја 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/2010, 18/11 и 53/11), член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/02) и член 21, став 1, точка 5 и член 45 и 47 став 1 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седницата одржана на ден 08.06.2012 година, донесе

# ОДЛУКА

за донесување на измена и дополна на дел од Урбанистички план за вон населено местоРаброво-локалитет индустриска зона

Член 1

Со оваа одлука се донесуваат измените и дополната на дел од Урбанистички план за вон населено место Раброво-локалитет индустриска зона, и тоа за парцелите: 1.11, 1.13, 1.16, 1.17, 1.20, 1.21, 1.23, 1.25, 1.27, 1.29, 1.31, 1.33, 1.35, 1.37, 1.39, 1.41, 1.43 и 1.45, сопственост на "Соларни Македонски Системи" ДООЕЛ Валандово.

Член 2

Со измените и дополната на делот од Урбанистичкиот план од член 1 на оваа Одлука се врши укрупнување на наведените 18 парцели, согласно Планот изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. "УРБАН" ДОО Штип, тех.бр.154/12.

Член 3

По донесувањето на планот, се задолжува градоначалникот на општина Валандово да постапи во согласност со член 27, став 4, 5 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Валандово".

Совет на општина Валандово
Претседател
Гоко Камчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО